**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
**за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија**

**Скопје, Декември 2017**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
☎ (02) 3246 851/852

Бр. 02-______/___
21. 12. 2017 година

Врз основа на член 21 точка 11 и член 59 став 5 од Статутот на Стоматолошка Комора на Македонија (Службен Весник на Р.Македонија бр. 62/2017), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седницата одржана на 21.12.2017 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува изборот и условите за отповикување на членови во регионалните одбори, делегатите на Собранието, претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, постапките и начинот на работа и функционирање на Избирачките одбори, Регионалните одбори, Регионалната изборна комисија, Централната изборна комисија, Собранието на Комората, Претседателот на комората, и сите членови на комората во својство на органи и учесници на изборниот процес и одговорноста за примена на одредбите на овој Правилник.

**Член 2**

(1) Докторите, членови на Стоматолошката комора на непосредни, слободни и тајни избори со непосредно и тајно гласање избираат членови во регионалните одбори на Комората и делегати во Собранието на Комората.

(2) Новоизбраните делегати во Собранието избираат Претседател на Комората со тајно гласање.

**Член 3**

(1) Доктор по стоматологија може да гласа доколку како член на комората е евидентиран во единствениот избирачки список.

(2) Доктор по стоматологија на кого му е одзмена лиценцата во време на одржување на изборите или се пензионирал нема право да избира, ниту да биде избран во Собранието, во регионалните одбори или во друг орган на Комората.

(3) За избор на член на регионален одбор и за делегат во Собранието доктор по стоматологија може да гласа за оние предложени кандидати кои според местото на живеење припаѓаат на ист регионален одбор.

## II. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 4**

(1) Изборите за членови во регионалните одбори, за делегати во Собранието и за претседател на Стоматолошката комора на Македонија, секои четири години ги распишува претседателот на комората на Македонија, најдоцна 90 дена пред истекот на мандатот на делегатите на Собранието.

(2) Доколку претседателот од било кои причини не распише избори во предвидениот рок од претходниот став, изборите можат да бидат распишани и со одлука на Извршниот одбор на Комората со просто мнозинство.

(3) Одлуката за распишување на изборите задолжително се објавува на официјалната web страна на Комората.

(4) Со денот на донесување на одлуката за распишување на избори, почнуваат да течат роковите за спроведување на изборните дејствија.

(5) Изборите за членови на регионалните одбори и изборите на делегати на Собранието на Комората се спроведуваат истовремено во сите регионални одбори на Комората.

## III. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ОТПОВИКУВАЊЕТО

**Член 5**

(1) Органи за спроведување на изборите се:

1. Централна изборна комисија;
2. Регионални изборни комисии; и
3. Избирачки одбори.

(2) Членот во регионалниот одбор, односно делегат во Собранието на комората, може да го отповика само избирачкото тело кое го избрало.

(3) Претседателот на Комората можат да биде отповикан односно разрешен од Собранието на Комората во постапка и под услови утврдени во Статутот на Комората.

**Член 6**

Изборните органи од член 5 на овој правилник се формираат за определено подрачје:

1. Избирачки одбори се формираат на секое избирачко место определено на предлог на Регионалната изборна комисија и со одлука на Централната изборна комисија;
2. Регионална изборна комисија се формира за подрачјето на еден регионален одбор
3. Централната изборна комисија се формира за подрачјето на сите регионални одбори, односно за подрачјето на цела територија на Република Македонија.

**Член 7**

(1) Избирачкиот одбор е составен од три члена и тоа претседател и два члена, со мандат од четири години.

(2) Регионалната изборна комисија е составена од три члена и тоа претседател и два члена, со мандат од четири години.

(3) Централната изборна комисија е составена од пет члена и тоа претседател ичетири членови, со мандат од четири години.

(4) Регионалната и Централната изборна комисија работат и одлучуваат доколку на седница се присутни мнозинство членови од вкупниот број членови.

**Член 8**

(1) Членовите на избирачките одбори ги потврдува Централната изборна комисија на предлог на собирот на докторите на стоматологија на регионалниот одбор.

(2) Членовите на Регионалната изборна комисија ги потврдува Централната изборна комисија на предлог на собирот на докторите на стоматологија на регионалниот одбор.

(3) Членовите на Централната изборна комисија ги избира Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на предлог на Претседателот на комората.

**Член 9**

Избирачкиот одбор:

1. Се грижи за законско спроведување на изборите и отповикување на членови во регионалните одбори и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија за подрачјето на едно избирачко место;
2. Врши техничка подготовка на изборите;
3. Раководи со гласањето на изборите и отповикувањето, обезбедува законитост, непосредност и тајност на гласањето,
4. Ги утврдува, односно ги сумира резултатите од гласањето добиени и истите ги доставува до регионалната изборна комисија и за истото составува записник кој го предава до регионалната изборна комисија, а примерок доставува и до Централната изборна комисија;
5. Поднесува писмен извештај за спроведените избори до регионалната изборна комисија;
6. Врши други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 10**

Регионалната изборна комисија:

1. Се грижи за законско спроведување на изборите и отповикување на членови во регионалните одбори и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија за подрачјето на регионален одбор;
2. Ги утврдува, односно ги сумира резултатите од гласањето добиени од Избирачките одбори и истите ги доставува до Централната изборна комисија;
3. Поднесува писмен извештај за спроведените избори до Централната изборна комисија;
4. Во регионалните одбори каде е формирано само едно избирачко место ја извршува функцијата на избирачки одбор,
5. Врши други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 11**

Централната изборна комисија:

1. Ги подготвува и спроведува изборите и постапката за отповикувањето на членови во регионалните одбори и делегатите Собранието на Комората;
2. Потврдува одлука на собир на доктори на регион за формирање на избирачки одбори и опис на избирачки места;
3. Потврдува одлука на собир на доктори на регион за избор на членови на регионалните изборни комисии;
4. Донесува роковник за спроведување на изборни дејствија;
5. Врши техничка подготовка на изборите
6. Го става на јавен увид избирачкиот список и овозможува услови за истото;
7. По завршеното ажурирање на податоците на спроведениот јавен увид го заклучува избирачкиот список и е лично одговорна за истиот.
8. Дава упатства на регионалните изборни комисии за прашања во врска со спроведувањето на изборите и отповикувањето;
9. Утврдува листи на предложени кандидати за членови во регионалните одбори и делегати во Собранието;
10. Утврдува листи на кандидати за избор на Претседател на Комората;
11. Пропишува обрасци за спроведување на избори и отповикување;
12. Дава објаснувања за примена на одредбите на овој Правилник и за спроведување на изборите;
13. Го определува начинот на ракувањето и чувањето на изборниот материјал;
14. Ги определува роковите во кои вклучените органи во изборниот процес треба да постапуваат;
15. Раководи со гласањето на изборите и отповикувањето, обезбедува законитост, непосредност и тајност на гласањето, било кој од нејзините членови може да присуствува на секое избирачко место каде се спроведува гласањето,
16. Ги сумира резултатите од изборите врз основа извештаите на регионалните изборните комисии;
17. Поднесува извештај до Верификациона комисија на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија за резултатите од гласањето за избор на членови во регионалните одбори и Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

## IV. ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ

**Член 12**

Изборната единица за избор на членови во регионалните одбори и Собранието на Стоматолошката комора на Македонија ја сочинуваат докторите на стоматологија, членови на Комората кои поседуваат важечка лиценца за време на спроведувањето на изборите, со место на живеење на подрачјето на една или повеќе општини за која е формиран Регионалниот одбор на Комората со Статутот на Комората. Секој регионален одбор определен со Статутот на Комората претставува посебна изборна единица.

## V. ПРЕДЛАГАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ, ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО И ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### 1. Предлагање и утврдување на кандидати за членови во регионалните одбори и за делегати во Собранието

**Член 13**

(1) Регионалните одбори на комората го претставуваат и организираат севкупното членство на докторите на стоматологија од една или повеќе општини .

(2) Членовите на комората се организираат во регионални одбори според местото на живеење без разлика дали се вработени или не.

**Член 14**

(1) Регионалните одбори се состојат од пет члена и тоа претседател, заменик - претседател, секретар и два члена.

(2) За претседател на регионалниот одбор е избран кандидатот кој добил најмногу гласови од сите предложени доктори за членови на регионалниот одбор.

(3) За заменик- претседателот на регионалниот одбор е избран кандидатот кој добил втор најголем број на гласови од сите предложени доктори за членови на регионалниот одбор, додека за секретар е избран кандидатот кој добил трет најголем број на гласови од сите предложени доктори за членови на регионалниот одбор.

(4) Кандидатите кои добиле четврти и петти најголем број на гласови од сите предложени доктори за членови на регионалниот одбор, се сметаат за избрани членови на регионалниот одбор.

(5) При изборот на членови на регионалните одбори треба да се имаат предвид личните квалитети на поединецот, соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

**Член 15**

(1) За член на Регионален одбор може да биде предложен доктор на стоматологија:

- со важечка лиценца издадена од комората; и
- на кого не му е изречена мерка привремено одземање на лиценца или било која друга дисциплинска мерка најмалку две години пред распишувањето на изборите;
- кој има поддршка од најмалку 5 (пет) доктори членови на регионалниот одбор кои присуствувале и учествувале во работата на собирот на доктори на регионот на кој докторот е предложен за кандидат.

(2) При предлагањето изборот на членови на органите на Комората треба да се имаат предвид личните квалитети на поединецот, соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, регионалната, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

**Член 16**

(1) Кандидатите за членови на регионалните одбори, докторите ги предлагаат на собир на доктори на стоматологија - членови на Комората за определен регион, кој се одржува не порано од триесетиот ден од денот на донесување на одлуката за распишување на изборите, со точно утврден датум од Централната изборна комисија за сите региони.

(2) Извршниот одбор најдоцна пет дена пред денот на одржување на седницата на собирите на доктори на региони, утврдува листа на контролори на седниците на собирите кои вршат мониторинг на седницата на собирот.

(3) Собирот на доктори на регионот го води претседателот на регионалниот одбор од тековниот мандатен период и по отварањето на седницата истиот предлага избор на записничар .

(4) Предлагањето на кандидати за членови во регионалните одбори и за делегати во Собранието на Комората се врши јавно.

(5) Секој доктор – член на комората со место на живеење во рамки на определената изборна единица, со важечка лиценца може да предлага, да биде предложен или сам да се предложи за член на регионален одбор, односно за делегат во Собранието на комората.

(6) Предлагачот дава образложение за својот предлог, презентирајќи ги моралните, стручните и организационите способности на кандидатот, и неговата препознатливост и достигувања во регионалниот одбор.

(7) Предложениот кандидат доколку ја прифати кандидатурата, ја образложува својата визија за работата во регионалниот одбор и ја доставува во писмена форма до Централната изборна комисија.

(8) Собирот на доктори утврдува 2 (два) кандидати повеќе за избор од бројот на членови на регионалниот одбор.

(9) Доколку има повеќе кандидати од предвидениот број, присутните доктори на собирот на регионалниот одбор со јавно гласање се изјаснуваат за секој кандидат поединечно. Докторите кои ќе добијат најмногу гласови стануваат кандидати за членови на Регионалниот Одбор.

(10) За предложен кандидат се смета оној кој добил подршка од најмалку 5 (пет) присутни доктори на собирот на докторите.

(11) Листата на предложени кандидати, собирот на доктори на регион, ја доставува до Централната изборна комисија која ја продолжува постапката за кандидирање на кандидати за членови на регионалните одбори и делегати во Собранието на Комората.

(12) Најдоцна во рок од 48 часа од одржувањето на седницата на собирот на доктори за регион, Собирот до Централната изборна комисија доставува:

- записник од одржан собир на докторите со потписи на сите присутни членови на собирот на регионот и потпишан од претседателот на регионот, записничарот и контролорот назначен од Извршниот одбор на Комората;

- листа на предложени кандидати за членови на Регионалната изборна комисија со број на лиценци и датум на важност на лиценците;

- листа на предложени кандидати за членови на регионалниот одбор и делегати во Собранието на Комората со имиња и презимиња на кандидатите

наведени во азбучен ред со број на лиценци и датум на важност на лиценците, на која е наведен регионот;

- листа на предлози за избирачки места со опис на нивниот територијален опфат и предлози за членови на избирачките одбори со број на лиценци и датум на важност на лиценците; .

**Член 17**

(1) Собирот на доктори на регион на седницата на која се предлагаат кандидати за членови на регионалниот одбор, утврдува и предлози на членови на регионалната изборна комисија и членови на избориачките одбори и истите ги доставува до Централната изборна комисија согласно роковите од член 16 на овој правилник.

(2) Во случај да во определен регион биде определено едно избирачко место, тогаш не се даваат предлози за членови на избирачки одбор и не се формира избирачки одбор, се даваат предлози за членови на регионална изборна комисија која ќе ја врши функцијата на избирачкиот одбор.

**Член 18**

(1)Предложениот кандидат кој ќе ја прифати кандидатурата за член на регионален одбор, односно за делегат во Собранието,најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на собирот на кој е предложен за кандидат, до Централната изборна комисија доставува:

1. изјава за прифаќање на кандидатурата,
2. лична биографија (CV),
3. копија од важечка лиценца,

(2) Доколку некој кандидат достави кандидатура по истекот на рокот од став 1 на овој член, истата нема да биде земена предвид и Централната изборна комисија со заклучок ќе ја отфрли како ненеаврмена.

(3) Најдоцна во рок од дваесет и четири часа по истекот на рокот од став 1 на овој член, Централната изборна комисија, одржува седница на која ги разгледува поднесените кандидатури и утврдува дали истите имаат определени недостатоци во поднесената документација и податоците кои се содржат во истите.

(4) Доколку Централната изборна комисија утврди дека некоја кандидатура има определени недостатоци во поднесената документација и податоците кои се содржат во истите, со писмено известување ќе го извести подносителот на кандидатурата, истата во рок од седумдесет и два часа од добивањето на известувањето да ја уреди односно да ги достави документите и податоците кои недостасуваат.

(5) Доколку кандидатот не постапи согласно известувањето на Централната изборна комисија од став 4 на овој член и во рокот определен од став 4 на овој член, Централната изборна комисија со заклучок ќе ја отфрли како нецелносна споменатата кандидатура.

(6) Доколку во определен регион определена кандидатура биде отфрлена согласно став 5 на овој член, а со тоа се намалува миниланиот потребен број на

кандидати од тој регион односно истиот паѓа под пет кандидати, Централната изборна комисија ќе го извести следниот кандидат од тој регион со најголем број на гласови да ја започне процедурата од став 1 , од член 18

(7) Доктор по стоматологија – член на комората не може да достави кандидатура до Централната изборна комисија доколку не се наоѓа на листата на предложени и подржани кандидати од собир на доктори на регион.

(8) Најдоцна во рок од дваесет и четири часа по истекот на рокот од став 4 на овој член, Централната изборна комисија, одржува седница на која со посебно решение ги утврдува конечните листи на кандидати за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората.

**Член 19**

(1) Централната изборна комисија започнува со работа најдоцна во рок од дваесет и четири часа од денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите.

(2) Централната изборна комисија на седницата од став 1 на овој член донесува роковник за спроведување на изборните дејствија и утврдува записници за спроведување на изборите за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората.

**Член 20**

(1) Собранието на Комората е највисок орган на управување и одлучување на комората.

(2) Собранието го избираат членовите на комората на непосредни, слободни и тајни избори, а го сочинуваат делегати, чиј број не е повеќе од 50, не вклучувајќи ги Претседателот на Комората и неговите заменици кои се делегати по функција.

(3) Делегатите на Собранието се избираат од редот на членовите на комората организирани во регионални одбори според местото на живеење без разлика дали истите се вработени или не со важечка лиценца и не се во пензија

(4) Секој регионален одбор претставува посебна изборна единица.

(5) Бројот на делегати во Собранието кои доаѓаат од регионалните одбори во секој регионален одбор е определен врз основа на бројот на членови на комората со место на живеење на територијата на одборот и по регинален одбор е:

1. Регионален одбор Делчево за подрачјето на општините: Делчево, Берово и Пехчево – 1 делегат,
2. Регионален одбор Битола за подрачјето на општините: Битола, Могила, Новаци, Ресен и Демир Хисар – 5 делегати;
3. Регионален одбор Велес за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка – 1 делегат;
4. Регионален одбор Гевгелија за подрачјето на општините: Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци – 1 делегат;
5. Регионален одбор Гостивар за подрачјето на општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша, Дебар и Центар Жупа - 4 делегати;
6. Регионален одбор Кавадарци за подрачјето на општините: Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија – 2 делегати;
7. Регионален одбор Кичево за подрачјето на општина Кичево – 2 делегат;

8. Регионален одбор Кочани за подрачјето на општините: Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново - Облешево – 1 делегат;
9. Регионален одбор Куманово за подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково – 3 делегати;
10. Регионален одбор Охрид за подрачјето на општините: Охрид и Дебарца – 2 делегати;
11. Регионален одбор Прилеп за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Македонски Брод и Пласница; – 3 делегати
12. Регионален одбор Струга за подрачјето на општините: Струга и Вевчани – 2 делегати;
13. Регионален одбор Струмица за подрачјето на општините: Струмица, Василево, Босилово и Ново Село – 2 делегати;
14. Регионален одбор Тетово за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце – 5 делегати;
15. Регионален одбор Штип за подрачјето на општините: Штип, Карбинци, Радовиш и Конче – 2 делегати;
16. Регионален одбор Центар за подрачјето на општина Центар – 2 делегати;
17. Регионален одбор Карпош за подрачјето на општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај – 3 делегати;
18. Регионален одбор Кисела Вода за подрачјето на општините: Кисела Вода, Сопиште, Студеничани и Зелениково – 2 делегати;
19. Регионален одбор Аеродром за подрачјето на општина Аеродром – 1 делегат;
20. Регионален одбор Гази Баба за подрачјето на општините Гази Баба, Илинден, Петровец и Арачиново – 2 делегати;
21. Регионален одбор Чаир за подрачјето на општините: Чаир, Бутел, Шуто Оризари и Чучер-Сандево – 2 делегати;
22. Регионален Одбор Свети Николе за подрачјето на општините: Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица – 1 делегат.

## 2. <u>Предлагање и утврдување на кандидати за претседател на Стоматолошката комора на Македонија</u>

**Член 21**

(1) Предлагање на кандидати за претседател на Стоматолошката комора на Македонија можат да поднесат најмалку три регионални одбори на Комората по верификација на нивните мандати или 20 делегати од новиот собраниски состав по верификација на нивните мандати.

(2) Предедателот на комора се бира на изборна седница на Собрание за председтел на Комора која се одржува најдоцна 30 дена по седницата на која се конституира Собранието на Комората и се врши верификација на мандатите.

(2) Мандатот на Претседателот на Комората трае четири години.

**Член 22**

(1) Предлогот за кандидат за Претседател на комората даден од страна на регионалните одбори мора да биде утврден на официјален состанок на регионалниот одбор по верификација на мандатот на неговите членови, кој се

одржува најдоцна 10 дена по конституирањето на новиот состав на Собранието на Комората.

(2) Предлогот за претседател на Комората од определен регионален одбор, е важечки доколку истиот е усвоен со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на регионалниот одбор.

(3) Регионалните одбори своите предлози ги доставуваат со записник од одржаниот официјален состанокдо Централната изборна комисија.

**Член 23**

(1) Предлогот за кандидат за претседател на комората даден од 20 делегати со верифициран мандат од новиот собраниски состав може да биде поднесен најдоцна 10 дена по одржување на првата конститутивна седница на Собранието.

(1) Предлогот кој потекнува од најмалку 20 делегати со верифициран мандат од новиот собраниски состав се доставува во писмена форма во архивата на стручната служба на комората и до Централната изборна комисија.

**Член 24**

Кандидатот за претседател може да биде само ако е редовен член на Комората со важечка лиценца од најмалку еден лиценцен период, кој не е пензионер или кој во следниот период за времетраењето на мандатниот период од четири години не исполнува услови за пензионирање, кој е здравствен работник вработен во здравствена установа на неопределено и полно работно време, кој ужива углед во членството на комората, кој има способност да воспоставува соработки со институциите на државата кои имаат ингеренции во работата на стоматологијата, другите стручни здруженија и комори и способност за воспоставување на меѓународна соработка на комората.

**Член 25**

(1) Предложениот кандидатот има обврска најдоцна во рок од три дена од неговото предложување за кандидат за претседател на Комората, до Централната изборна комисија да достави пишана програма во која ќе ги изнесе своите ставови и активности за решавање на проблеми значајни за стоматолошката фела, а кои се во ингеренции на комората. Програмата истовремено се доставува во пишана форма до архивата на стручната служба на комората. Со програмата предложениот кандидат за претседател на Комората задолжително приложува изјава за прифаќање на кандидатурата. Програмата може да ја види секој заинтересиран делегат од Собранието на комората или секој Регионален одбор може истата да ја добие на негово барање.

(2) Доколку предложениот кандидат не достави пишана програма и изјава за прифаќање на кандидатурата до архивата на стручната служба на комората и до Централната изборна комисија во рокот од став 1 на овој член, се смета дека се откажал од кандидатурата.

**Член 26**

Централната изборна комисија по завршеното предлагање утврдува кои кандидати се предложени според процедурите утврдени со Статутот на комората и

овој правилник и кои предлози можат да бидат прифатени за претседател на комората.

**Член 27**

Листата на кандидати содржи: име и презиме на секој кандидат со означување на Регионалниот одбор каде што членува, установата во која е вработен и бројот на лиценца, а ја утврдува Централната изборна комисија.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРИТЕ И СОБРАНИЕТО НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

### 1. Единствен избирачки список

**Член 28**

(1) Единствениот избирачкиот список е документ во кој се запишуваат сите доктори на стоматологија, членови на СКМ кои имаат важечка лиценца за работа, не се панзионери и ги ажурирале своите податоци во соодветниот рок.

(2) Единствениот избирачки список содржи број на членови на комората по региони кои имаат право на глас согласно одредбите од статутот и овој правилник, име и презиме, број на лиценца, датум на важност.

(3) Комората е должна редовно да го ажурира единствениот избирачки список во соработка со регионалните одбори и со денот на распишување на изборите да го објави на web страната на комората.

(4) Во период од 30(триесет) дена по распишувањето на изборите, Централната изборна комисја го става на јавен увид единствениот избирачки список со цел секој член на комората да изврши увид во избирачкиот список и доколку има разлика или промена во податоците или не се запишани во избирачкиот список, а има право на глас, членот на комората е должен да изврши промена односно ажурирање на податоците преку Централната изборна комисија.

(5) Единствениот избирачки список по истекувањето на рокот од став 4 на овој член се заклучува од страна на Централната изборна комисија и истиот се употребува за одржување на собирите на доктори на региони и изборите за членови на регионалните одбори и делегати во Собранието на Комората.

(6)На членовите на комората кои пристапиле да гласаат ,а притоа нема да им се поклопат податоците од личниот документ и лиценцата со податоците од единствениот избирачки список или не се запишани во истиот, нема да можат да гласаат.

(7)Регионалните одбори се должни да ги известат членовите во својот регион за увидот во избирачкиот список , неговата важност и одредбите од претходниото став, а Централната изборна комисија е должна тоа истото да го објави со соопштение на web страната на комората.

### <u>2. Избирачки места и изборен материјал</u>

**Член 29**

(1) Гласањето за избор на членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората се врши на избирачките места определени од Централната изборна комисија на предлог на соодветната регионална изборна комисија.

(2) Секое избирачко место има реден број.

(3) Централната изборна комисија преку web страната на комората и во два од дневните весници (македонски и албански) кои се дистрибуираат на територијата на целата држава, ќе објави:

- кои избирачки места се определени, со назначување на кое место ќе се гласа според местото на живеење на членовите на комората без разлика дали се вработени или не, а поседуваат важечка лиценца и не се пензионери.

-датумот и времето на гласање

-документи кои се потребни при гласање

(4) За секое избирачко место се определува и посебна просторија.

**Член 30**

(1) Централната изборна комисија е должна навремено да го подготви материјалот за гласање, потребниот број кутии за гласање, гласачките ливчиња, извод од избирачкиот список за избирачкото место, образец на записник за работата и друг материјал потребен за спроведување на гласањето.

(3) На Регионалната изборна комисија од страна на Централната изборна комисија и се предаваат толкав број гласачки ливчиња колку што има избирачи на избирачките места кои ги покрива таа регионална изборна комисија, според изводот од избирачкиот список.

## 2. Гласање

**Член 31**

(1) Гласањето се врши лично и непосредно со важечки личен документ и лиценца (копија или оригинал).

(2) Гласањето се врши со гласачки ливчиња.

(3) Гласањето е тајно.

**Член 32**

(1) Гласачкото ливче за избор на членови на регионални одбори и делегати во Собранието содржи:

1. Означување на изборната единица, односно регионот во кој се врши изборот;
2. Означување на бројот на кандидатите што се избираат во изборната единица за членови на регионалниот одбор и бројот на кандидатите што се избираат во изборна единица за делегати во собранието;
3. Име и презиме на кандидатите предложени за членови на регионален одбор, односно за делегати во Собранието.
4. Сериски број
5. Печат на Комора

(2) Пред името на секој кандидат се става реден број.

**Член 33**

(1) Се гласа само за кандидатите наведени во гласачкото ливче поединечно и најмногу за онолку кандидати колку што се избираат членови.

(2) Пред гласањето секој член на комората се идентификува со лична карта или пасош, а во моментот на добивање на гласачкото ливче своерачен потпис става покрај своето име и презиме на избирачкиот список.

(3) Гласачкото ливче се потполнува така што се заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа.

**Член 34**

(1) За неважечко се смета гласачкото ливче на кој е заокружен редниот број пред имињата на повеќе кандидати отколку што треба да се изберат членови, гласачкото ливче на кое се внесени и заокружени нови имиња, непотполнето гласачко ливче, како и гласачко ливче што е потполнето така што со сигурност не може да се утврди за кои кандидати избирачот гласал.

(2) За важечко се смета она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кој кандидат гласал избирачот.

(3) За важечко се смета она гласачко ливче доколку избирачот гласал за помал број на кандидати отколку што се избира делегати во собранието на Комората.

**Член 35**

(1) Гласањето трае непрекинато од 9,00 до 18,00 часот.

(2) Во 18,00 часот избирачкото место се затвора, но на избирачите кои се затекнале на избирачките места ќе им се овозможи да гласаат.

(3) Избирачкото место на кое гласале сите избирачи запишани во избирачкиот список може да се затвори и пред истекот на рокот од став 1 на овој член.

**Член 36**

(1) За сето време на гласање на избирачкото место мора да бидат присутни сите членови на избирачкиот одбор.

(2) Членовите на Избирачкиот одбор се одговорни за легално спроведување на изборите на соодветното избирачко место, а членовите на Регионалната изборна комисија за легално спроведување на изборите на подрачјето на еден регион, односно една изборна единица.

(3) Членовите на Регионалната изборна комисија за време на гласањето вршат контрола и надзор за начинот на спроведување на изборите на повеќе или на сите избирачки места.

(4) Регионалната изборна комисија односно избирачкиот одбор се грижат за одржување на редот и мирот на избирачкото место, но и за давање напатствија како треба да се спроведуваат изборите според одредбите на Статутот и на овој правилник.

**Член 37**

(1) Членовите на избирачкиот одбор проверуваат дали избирачот кој пристапил да гласа е запишан во единствениот избирачкиот список.

(2) Доколку избирачот не е запишан во единствениот избирачки список не може да се допишува или додава во списокот и не му се дозволува да гласа.

**Член 38**

На избирачките места се поставуваат кутии за гласање за избор на членови на регионален одбор, односно за избор на делегати во Собранието на комората.

**3.Утврдување на резултатите од гласањето на избирачките места**

**Член 39**

(1) По завршувањето на гласањето Избирачкиот одбор веднаш започнува соутврдувањето на резултатите од гласањето.

(2) Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што прво се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се ставаат во посебен плик. Потоа врз основа на избирачкиот список се утврдува вкупниот број избирачи кои гласале и се пристапува кон отварање на кутиите за гласање и пребројување на гласовите.

(3) По завршеното пребројување на гласовите се утврдува колку гласови добил секој кандидат**.**

Се пребројуваат колку гласачки ливчиња се неважечки.

**Член 40**

(1) Кога ќе се утврдат резултатите од гласањето во записникот ќе се внесат: бројот на избирачите, бројот на избирачите кои гласалеи колку вкупно гласови добил секој кандидат за член на регионален одбор, односно за делегат во собранието и колку гласачки ливчиња се прогласени за неважечки**.**

(2) Во записникот се внесуваат сите околности и факти кои се од значење за гласањето.

(3) Записникот го потпишуваат сите членови на Избирачкиот одбор.

**Член 41**

Записникот за својата работа, со другиот изборен материјал, Избирачкиот одбор, го доставува до Регионалната изборна комисија односно Централната изборна комисија во рок од 6 часа од затворањето на избирачкото место.

**4.Утврдување на резултатите од изборот**

**Член 42**

(1) Врз основа на резултатите од гласањето на сите избирачки места Регионалната изборна комисија ги утврдува резултатите од изборот за членови во регионалните одбори и за делегати Собранието на Стоматолошката комора на Македонија од соодветниот регион.

(2) Избирачките одбори целокупниот избирачки материјал со записник го доставува до Регионалната изборна комисија.

**Член 43**

(1) За избрани делегати во Собранието на Комората се сметаат канидатите за членови на регионалните одбори кои добиле најмногу гласови и тоа:

- во регионите од каде доаѓа само еден делегат тоа е претседателот на регионалниот одбор;
- во регионите од каде доаѓаат двајца делегати тоа се претседателот и заменик-претседателот на регионалниот одбор;
- во регионите од каде доаѓаат тројца делегати тоа се претседателот, заменик-претседателот и секретарот на регионалниот одбор;
- во регионите од каде доаѓаат четири делегати тоа се претседателот, заменик-претседателот, секретарот и членот кој добил четврти најголем број гласови на изборите за регионален одбор; и
- во регионите од каде доаѓаат пет делегати тоа се сите пет члена на регионалниот одбор.

(2) Кога два кандидати имаат добиено еднаков број гласови, оној кандидат кој има поголем стаж во Комората станува член на Регионалниот одбор и делегат во Собранието, а доколку кандидатите кои имаат еднаков број на гласови се со еднаков стаж во комората член на регионалниот одбор станува кандидатот со повеќе стаж како доктор на стоматологија што се утврдува со уверение за завршен стручен испит.

**Член 44**

(1) За својата работа Регионалната изборна комисија води свој записник во кој се внесува: бројот на избирачите што гласале, бројот на неважечките гласачки ливчиња, име и презиме на секој кандидат со назначување колку гласови добил секој од нив, име и презиме на избраниот кандидат.

(2) Регионалната изборна комисија го проверува целокупниот материјал доставен од избирачките одбори и констатира дали она што е наведено во записникот од Избирачкиот одбор соодветствува со доставениот избирачки материјал.

(3) Секој член на изборната комисија може да даде свои забелешки кои се внесуваат во записникот.

(4) Записникот го потпишуваат сите членови на Регионалната изборна комисија.

(5) Избирачките одбори и Регионалната изборна комисија по констатирање на резултатите од гласањето мора задолжително пред предавање на гласачкиот материјал на маил адресата на Централната изборна комисија да ги испратат неофицијалните резултати од гласањето.

**Член 45**

(1) Регионалната изборна комисија по утврдување на резултатите од гласањето во изборната единица, целиот изборен материјал го доставува до Централната изборна комисија, веднаш по сумирање на резултатите, а најдоцна 15 часа од затварање на избирачките места.

(2) Резултатите од изборите за членови на регионалните одбори и делегати во Собранието на Комората, ги утврдува Централната изборна комисија врз основа на резултатите од огласањето во сите изборни единици.

(3) Централната изборна комисија мора да ги утврди резултатите од гласањето во рок од 48 часа по истекот на рокот за доставување на записникот од членот 44 и да за тоа да состави записник.

(4) Кога Централната изборна комисија ќе ги утврди резултатите од гласањето веднаш ќе објави:

1.број на запишаните избирачи по изборни единици

2.бројот на избирачи кои гласале во секоја изборна единица (процент на излезност);

3. Колку гласови добил секој кандидат поединечно во изборната единица

4.Колку има неважечки гласачки ливчиња во секоја изборна единица

5. Име и презиме на кандидатите кои се избрани за членови на регионален одбор, односно избрани делагати во секоја изборна единица.

(5) Објавување на резултатите се врши со достава на известување од Централната изборна комисија до изборните комисии и одбори како и до претседателите на регионалните одбори.

(6) Резултатите се објавуваат истовремено и на web страната на комората.

**Член 46**

(1) Приговор поради неправилност во процедурата на кандидирање и во постапката за избор може да поднесе секој избирач за својата изборна единица како и секој кандидат за член на регионален одбор односно делегат во Собранието на Комората.

(2) Приговор од став 1 на овој член се поднесува до Централната изборна комисија во рок:

- од 48 часа од одржување на собир на доктори на регион во случај на прекршувања на процедурата за кандидирање;

- од 48 часа од затварањето на избирачките места во однос на постапката за избор.

(3) Приговорот од став 1 на овој член се поднесува во писмена форма и особено содржи:

- име, презиме, адреса за комуникација, тел.број, е-маил, и својство на подносителот на приговорот односно дали е тој избирач или кандидат во изборниот процес;

- опис на дејствијата со кои е повреден изборниот процес како и посочување на одговорно лице или орган кој истото го сторил;

- наведување на повредените одредби од овој правилник со поврзување на истите со конкретните сторени дејствија;

- наведување на докази и нивно приложување кон самиот текст на приговорот;

- своерачно испишани име, презиме и потпис на подносителот на приговорот.

(4) Централната изборна комисија е должна да донесе решение по приговорот во рок од 48 часа од истекот на рокот од став 2 на овој член.

**Член 47**

(1) Централната изборна комисија со решение поднесениот приговор од овластен подносител од член 47 став 1 може да го усвои, да го одбие како неоснован или да го отфрли како неуреден или ненавремен.

(2) Доколку Централната изборна комисија во решавањето на приговорот од член 47 од овој правилник утврди дека имало неправилности го усвојува поднесениот приговор и:

- ги поништува дејствијата во постапката за кандидирање во соодветниот регион и закажува нов собир на доктори на регионот за 10 дена од денот на одржувањето на собирот чии дејствија се поништени со решението на комисијата;

- ги поништува резултатите од избирачкото место во соодветниот регион и ќе се закаже втор изборен круг за тоа избирачко место за 10 дена од денот на одржувањето на изборите. Доколку вкупниот број на гласачи во избирачкото место во однос на вкупниот број излезени гласачи во изборната единица и добиените гласови на секој од предложените кандидати, не влијае на конечниот исход од изборите, повторување на изборите на соодветнното избирачко место нема на се спроведе.

(3) Доколку Централната изборна комисија во решавањето на приговорот од член 47 од овој правилник утврди дека немало неправилности поднесениот приговор го одбива како неоснован.

(4) Доколку подносителот на приговорот, истиот не го достави во соодветните рокови од член 47 став 2 на овој правилник или го достави со недостатоци во поглед на пропишаната содржина и форма од член 47 став 3 на овој правилник, Централната изборна комисија така поднесениот приговор го отфрла како ненавремен или неуреден.

**Член 48**

Решението на Централната изборна комисија од членот 48 од овој правилник е конечно и против истото заинтересираните лица немаат право на правен лек.

**Член 49**

На избраните членови во Регионалните одбори и на избраните делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, Централната изборна комисија им издава уверение за изборот.

## VII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Член 50**

(1) По утврдување на резултатите од гласањата по регионални одбори Централната изборна комисија утврдува термин за одржување на конститутивно седница на Собранието која ја закажува и води најстариот делегат од новиот состав.

(2) Конститутивна седница на Собранието може да се одржи доколку Централната изборна комисија утврди дека се завршени изборите во сите региони.

(3) На седницата најнапред се предлага и формира верификациона комисија која го разгледува извештајот на Централна изборна комисија и ги верифицира мандатите на делегатите од новиот состав на собранието на комората.

(4) Откако ќе се верифицираат мандатите на новите делегати, Собранието утврдува датум за одржување на седници на новоизбраните регионални одбори на кои треба да се утврдат предлози за кандидати за председател на Комората.

(5) Регионалните одбори одржуваат седница за предлози за претседател на Комората најдоцна 10 дена од денот на одржувањето на конститутивната седница на Собранието и верификација на мандатите за членови на Собрание.

(6) Во рокот од став 5 на овој член, предлог за претседател можат да доставaт и најмалку 20 делегати од новиот состав на Собранието на Комората до Централната изборна комисија.

(7) Централната изборна комисија изготвува листата за гласање која ја објавува најдоцна три дена пред денот на одржување на изборната седница на Собранието за председател на Комора и го спроведува гласањето.

**Член 51**

(1) Избор за претседател на Стоматолошката комора на Македонија се врши на изборна седница на Собранието за председател на Комора, со тајно гласање на членовите на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

(2) Најдоцна 30(триесет) дена по денот на одржувањето на конситутивната седница на Собранието, се одржува изборна седница на Собранието на која се избириа претседател на Комората.

(3) Гласањето се врши лично со гласачки ливчиња.

(4) Гласачкото ливче содржи:

1. Име и презиме на предложените кандидати по азбучен ред,
2. Сериски број
3. Печат на комора

(5) Пред името на секој кандидат се става реден број.

(6) Гласачкото ливче се пополнува така што се заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа.

(7) За неважечко се смета гласачкото ливче на кој е заокружен редниот број пред имињата на повеќе кандидати, гласачкото ливче на кое се внесени и заокружени нови имиња, непотполнето гласачко ливче, како и гласачко ливче што е пополнето така што со сигурност не може да се утврди за кој кандидат избирачот гласал.

**Член 52**

(1)Гласањето за Претседател на Комора е тајно.

(2) За избран претседател на Комората се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати во Собранието на Комората.

(3) Доколку ниеден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство на гласови од став 2 на овој член, се спроведува втор изборен круг во кој учествуваат двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови во првиот изборен круг.

(4) Доколку некој од кандидатите кои влегуваат во вториот изборен круг се откаже, на негово место стапува кандидатот кој е следен по бројот на освоените гласови од првиот изборен круг.

(5) Во вториот изборен круг на гласањето, избран е оној кандидат кој добил мнозинство од гласови од вкупниот број на делегати во Собранието.

(6) Доколку во вториот круг на гласање, кандидатите имаат ист број гласови ќе се смета дека собранието не избрало претседател на комората.

(7) Доколку има поднесено само една кандидатура за председател на Комората, за избран претседател на Комората се смета единствениот предложен кандидат доколку добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати во Собранието на Комората.

**Член 53**

(1) Доколку Собранието не избере претседател на Комората, претседавачот на Собранието на Комората во рок од петнаесет (15) дена од одржувањето на претходната изборна седница закажува нова изборна едница на Собвранието.

(2) Доколку и на новозакажаната изборна седница на Собранието не се избере претседател на Комора, претседавачот на Собранието на Комората во рок од најмногу 90 дена од одржувањето на претходната изборна седница закажува нова изборна седница на Собранието , а целокупната процедура за избор на претседател на комората се повторува, односно започнува од почеток.

(3) Во случај од ставот 2 на овој член, на досегашниот претседател и на сите органи и тела на Комората се продолжува мандатот до избор на нов претседател.

**Член 54**

(1) По завршувањето на гласањето, Централната изборна комисија започнува со утврдување на резултатите од гласањето.

(2) Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што прво се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се ставаат во посебен плик. Потоа се утврдува вкупниот број делегати кои гласале и се пристапува кон отварање на кутијата за гласање и пребројување на гласовите.

(3) По завршеното пребројување на гласовите се утврдува колку гласови добил секој кандидат.

**Член 55**

По завршувањето на гласањето, Централната изборна комисија поднесува извештај до Собранието, за резултатите од гласањето.

**Член 56**

(1) По изборот на претседател на комората, Собранието на комората бира двајца заменици на претседателот на предлог на претседателот на комората.

(2) Замениците на претседателот на комората се избираат со јавно гласање од делегатите на Собранието.

(4) Замениците на претседателот се избираат од редот на членовите на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието.

## VIII. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ

**Член 57**

На членот на регионалниот одбор и на делегат на собранието му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

1. Ако биде отповикан според услови утврдени со Статутот на Комората;
2. Ако поднесе оставка,
3. Во случај на смрт,
4. Биде осуден на казна затвор во траење подолго од 6 месеци,
5. Ако од судот на честа биде осуден за потешко прекршување на кодексот на стоматолошката етика и деонтологија
6. Со престанок на членувањето во комората.

**Член 58**

На Претседателот на комората му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

1. Ако биде отповикан според услови утврдени со Статутот на Комората;
2. Ако поднесе оставка,
3. Во случај на смрт,
4. Биде осуден на казна затвор во траење подолго од 6 месеци,
5. Ако од судот на честа биде осуден за потешко прекршување на кодексот на стоматолошката етика и деонтологија
6. Со престанок на членувањето во комората.

**. Член 59**

(1) Во случај на настапување на условите од член 57 на овој правилник, за спроведување на избори за пополнување на испразнето место член во регинален одбор, се применуваат одредбите на овој правилник кои се однесуваат на редовните избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората.

(2) Во случај на настапување на условите од член 57 на овој правилник, предвремените избори за членови на регинални одбори нема да се распишат ако до редовните избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората има помалку од шест месеца.

(3) Во случај на настапување на условите од член 57 на овој правилник, за нов делегат во Собранието на Комората на место на делегатот чиј мандат престанал стапува следниот член од регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови на последните одржани избори.

(4) Доколку бројот на делегати од определен регион се исцрпи односно сите членови од соодветниот регионален одбор станат делегати во Собранието, се постапува согласно ставот 1 на овој член.

**Член 60**

(1) Во случај на настапување на условите од член 58 на овој правилник, за спроведување на избори за претседател на Комората, соодветно се применуваат одредбите на овој правилник кои се однесуваат на редовните избори за претседател на Комората.

(2) Собранието на предлог на три регионални одбори или 20 делегати на Собранието одлучува кој од двајцата заменици на претседателот ќе ја извршува функцијата Претседател на Комората, до спроведување на нови редовни избори за Претседател на Комората и во рок од 60 дена ќе ги распише истите.

(3) Во случај на настапување на условите од член 58 на овој правилник, предвремените избори за претседател на Комората нема да се распишат ако до редовните избори за претседател на Комората има помалку од шест месеца.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

Со денот на влегување на овој Правилник во сила престанува да важи Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, Собранието и Претседател на Стоматолошката комора на република Македонија од 28.12.2013година.

**Член 62**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Овој Правилник се објавува на web страната на Комората.

Скопје, ---.12.2017 година

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Проф. Д-р Владимир Поповски**

**Собрание на Стоматолошката комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Круме Чесноски**